**Република Северна Македонија**
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 85/23**
22/11/2023 година
Неготино

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и став 6 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ“ број 43/14...235/22), а в.в. член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Сл.весник на РМ“ број 74/15..111/23), Основен суд Неготино на ден 22/11/2023 година објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС број 2/23**
**за вработување на судски службеник**
**и лице за технички и помошни работи**
**на определено време до 31.12.2023 година**

**I. ПОМЛАД СУДСКИ СОРАБОТНИК категорија „В ниво 4“ - 1 (еден) извршител**

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ – потребни стручни квалификации и компетенции:**

- најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен правен факултет VII/1
- со или без работно искуство во струката
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Основна (нето) плата за работното место:**
- 33.037,00 (триесет и три илјади триесет и седум) денари

**II. ХИГИЕНИЧАР - 1 (еден) извршител**

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ – потребни стручни квалификации и компетенции:**

- средно образование
- со или без работно искуство во струката

**Основна (нето) плата за работното место:**
- 22.102,00 (дваесет и две илјади сто и два) денари

Покрај посебните услови, кандидатите потребно е да ги исполнуваат и следните:

**ОПШТИ УСЛОВИ**:
- државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- полнолетен
- општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

**Останати права и должности**:
- работни часа неделно: 40
- работни денови: од понеделник до петок
- работно време:
  за работно место под точка 1: од 07,30 до 15,30 часот
  за работно време под точка 2: од 06,30 до 09,30 часот и од 14,00 до 19,00 часот
- дневна пауза:
  за работно место под точка 1: од 11,00 до 11,30 часот

за работно место под точка 2: од 08,15 до 08,30 часот и од 16,00 до 16,15 часот

Пријавата за вработување може да се подигне од приемна писарница во судот или од веб-страната на судот: http://www.osnegotino.mk/.

**Пополнетата пријава со докази за исполнување на општите и посебните услови во оригинал или копија заверена на нотар**, се доставуваат преку приемната писарница во судот или по пошта на адреса:

Основен суд Неготино ул.„Маршал Тито“ број 84 Неготино
со назнака „за Јавен оглас бр.2/23“

Рокот за пријавување е **3 (три) работни дена по денот** на последното објавување во дневен весник (без да се смета денот на објавување).

Ненавремена, нецелосна, неуредно пополнета пријава или пријава во која се внесени лажни податоци, нема да се разгледува.

Изборот ќе се изврши најдоцна во рок од 10 дена по истекот на рокот за пријавување.

**ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО**